**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1003-222/7***
***Скопје,31.05.2007 година***

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за финансии на Република Македонија за 2006 година, на сметката МЕАП - Акциона програма за унапредување на општините, Кредит од Европска банка за обнова и развој, кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и изготвен е извештај за финансиските извештаи на сметката МЕАП - Акциона програма за унапредување на општините - Кредит од Европската банка за обнова и развој за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

- М-р.Никола Поповски, Министер за финансии на Република Македонија до 28.08.2006 година, и
- Проф. д-р.Трајко Славевски, Министер за финансии на Република Македонија од 29.08.2006 година до 31.12.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 29/04/2007 до 30/04/2007 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во

согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

10.1 **Неправилна примена на акти**

10.1.1. За сметката Проект МЕАП - Акциона програма за унапредување на општините и животната средина - кредит од Европската банка за обнова и развој не е изготвен финансиски план, согласно одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, што може да доведе до ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**

Користењето на кредитните средства да се заснова на претходно донесен годишен финансиски план за соодветната година, по квартали, за користење на средствата по програми и ставки, согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија.

10.1.2. Налозите за исплата на сметката Проект МЕАП - Акциона програма за унапредување на општините и животната средина кредит ЕБРД, во неколку наврати се потпишани од лице кое за тоа не е овластено, а како такви истите се реализирани, што преставува слабост на интерните контроли и истото може да предизвика ненаменско користење.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи на сметката Проект МЕАП-Акциона програма за унапредување на општините и животната средина кредит ЕБРД, вистинито и објективно ја претставуваат финансиската состојба под 31.12.2006 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2006 година.

12. Според наше мислење остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои преставуваат државни расходи.

**Скопје, 30/05/2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 ГОДИНА

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1.** | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 17,195 | 15 |
| Задолжување во странство | 3.1.2. | 56,337 | 17,450 |
| **Вкупно приходи** | | **73,532** | **17,465** |
| **Расходи** | **3.2.** | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Каматни плаќања | 3.2.1. | 10,715 | 270 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **10,715** | **270** |
| **Отплата на главнина** | | | |
| Отплата на главнина | 3.2.2. | 16,904 | 0 |
| **Вкупно отплата на главнина** | | **16,904** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **27,619** | **270** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **45,913** | **17,195** |

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 45,913 | 17,195 |
| **Вкупно тековни средства** | | **45,913** | **17,195** |
| **Вкупна актива** | | **45,913** | **17,195** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 45,913 | 17,195 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **45,913** | **17,195** |
| **Вкупна пасива** | | **45,913** | **17,195** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1005-222/14***
***Скопје, 22.06.2007 година***

Врз основа на член 23 став 7 и 8 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ“ број 65/1997, 70/2001, 31/2003, 19/2004, 70/2006 година) од Министерството за финансии добиен е приговор по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансискиот извештај за 2006 година кај Министерството за финансии на Р.М., сметка МЕАП – Акциона програма за унапредување на општините, Кредит од Европска банка за обнова и развој, број 07-22256/1 од 11/06/2007 година.

***Р Е Ш Е Н И Е***

По поднесен приговор на Конечниот извештај

1. Приговорот на точките 10.1.1.и 10.1.2, од Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година кај Министерството за финансии на Р.М., сметка МЕАП – Акциона програма за унапредување на општините, Кредит од Европска банка за обнова и развој не се прифаќа.

2. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Образложение за неприфаќање на приговорите на точките 10.1.1.и 10.1.2, е следната:

1. Приговорот на точката 10.1.1. кој се однесува на констатацијата дека не е изготвен акционен план не се прифаќа, од причина што за време на извршување на ревизијата не е презентиран истиот, ниту е доставен акционен план по квартали, како што е наведено во приговорот. Отсуството на акционен план може да доведе до ненаменско користење на средствата.

2. Приговорот на точката 10.1.2. кој се однесува на исплата на налози на сметката Проект МЕАП – Акциона програма за унапредување на општините и животната средина кредит ЕБРД, потпишани во одделни случаи од неовластени лица, не се прифаќа. Овој вид исплати претставуваат слабост на интерните контроли кое може да предизвика ненаменско користење на средствата.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Главен државен ревизор**
**Д-р Драгољуб Арсовски**